Биографија на Дарко Мариновски

Роден е во Скопје 1974 год. Уште во раната младост покажува голема љубов кон музиката која го трасира патот на неговата идна професија. Основно музичко образование завршува во Државното музичко училиште ,,Илија Николовски Луј,, каде го завршува и средното музичко образование. Дипломира на факултетот за музичка уметност во Скопје 1997 год -отсек пијано . во класата на проф. Борис Романов. Магистрира на истиот факултет под менторство на проф. Јасминка Чакар. Уште за време на студиите настапува на бројни настапи и манифестации какoво рамките на факултетот така и пошироко низ републиката и околните земји какона фестивалите ,,Скопско лето,, , ,,Охридско лето,, ,Пловдив - Бугарија, Ниш-Србија итн.

Од 2002 година освен како пијанист својата кариера ја проширува во областа на камерното музицирање со што ја започнува соработката со баритонот Борис Трајанов со кого реализира концерти низ цела Македонија на разни фестивали и повеќе концерти во странство како Рим, Париз и Вашингтон. Освен со Трајанов, Мариновски соработува со речиси сите реномирани репродуктивни македонски уметници како Весна Гиновска, Игор Дурловски, Александар Стефаноски, Марјан Николовски и др. со кои има реализирано повеќе концерти на значајни манифестации низ републиката и странство.

Од 2009 год е назначен за доцент на УАВУ ЕСРА Париз-Скопје-Њујорк каде работи како декан на факултетот за применета музика.